**Кој и како ја донесе моќната „Економија“ до питачки стап**

Максим Горки , за вљубениците во книжевноста едно од најмоќните нејзини пера. За скопјани пак, освен литературната значајност, Максим Горки ја означува една од трите улици кои водат кон епицентарот на Скопје, плоштадот Македонија. На местото на сегашните современи продавници и разнолики излози до пред 15-тина години работеше едно несекојдневно дуќанче со двојна намена, трговија и ресоцијализација.

- Знам дека еден мој другар и пријател, затвореник, тука продаваше. Во затвор што произведуваа го носеа овде и тие што беа добри затвореници во наводници, тие беа продавачи.

- Тука имаше кори, се продаваа најубави во Скопје.

- Продавницата како така функционираше, најверојатно имаше промет бидејќи подолг период работеше нели.

Оваа продавница на Максим Горки не беше единствениот затворски дуќан во Скопје. Постоеја шест, половина од нив на прилично атрактивни локации. Со првичната намена сега не работи ниту еден . Во дел од нив се вселени сосема поинакви работни субјекти, додека дел со времето добиле друга намена. Биле користени како партиски штабови на поранешната владејачка партија ВМРО ДПМНЕ.

Судбината на дуќаните ја доживеала и целата стопанска единица наречена „Економија“. Правен субјект со десетици објекти во и надвор од затворот Идризово, илјадници хектари земја, машини, стока.

- Со тие дуќани со кои располага „Економија“, еден или два се под кирија, издадени, за кои не добиваме месечна кирија, не сакаат да ни платат фирмите. Бараат фактури потпишани, а ние немаме потписник затоа што нашиот управител е во оставка. Одземен ни е имот во Колонија, комплетно некаде околу 1500 до 2000 квадрати деловен простор со одлука на совет на општина Гази баба, сме немале документи. А поседуваме документи дека сме ние сопственици.

Епилогот, работниците од „Економија“, 26 месеци немаат плата, а затворениците го губат местото каде можат да се подготват за нов живот. Само до пред десетина години „Економија“ правела толку пари за дури да инвестира во условите во затворот Идризово.

Стопанската единица „Економија“ не само што ја извршувала својата примарна цел, ресоцијализација на затворениците, туку и производствено, стопански, економски работела на еден начин на кој што можат да и позавидат голем број претпријатија. Доколку некој е вака успешен во својата дејност, кому и зошто би му одговарало оваа единица да престане со работа, но не само со работа туку практично да престане и да постои.

Изворот на проблемот е во 2006-тата година, кога владата донесува одлука затворските стопанства да не фигурираат повеќе како посебни субјекти. Вработените требало да преминат во затворите, но да продолжат да си ја работат својата работа преку посебна сметка за нивната дејност.

- Вработените преминуваат на сметка на буџетот, а работат во име и сметка на управата. Со плати преминуваме на буџет, а тоа што го произведуваме го даваме на затворската кујна. Требаше да се формира приходна сметка на која средствата ќе се уплаќаат. Во сите затвори беше решен тој проблем, само остана кај нас. Од кои причини мене не ми е познато.

За разлика од другите затворски стопанства во другите градови, надлежните не успеваат да најдат решение за најбогатата ваква организација ниту во годините кои следат.

Најсериозниот обид е во 2011-тата, кога уште можело да се спаси нешто од „Економија“. Тогаш вработените притискаат за решение од надлежната за затворите, Управата за извршување на санкции. Управата ја префрла топката кај затворот Идризово, а затворот пак кај управата. „Економија“ потоа се обраќа и до Владата која исто така се прогласува за ненадлежна, но дава насоки - Вработените и директорот на затворот да предложат модел за работа, а управата да побара согласност за вработување од владата ако има потреба. И по преписките, решение нема. „Економија“ продолжува да пропаѓа и да се раскрчмува, а се помал број затвореници имаат место каде можат да се подготват за новиот живот.

Конечно дури во 2014-тата, државата повлекува потег. За разлика од сличните стопанства од другите градови кои се припојуваат кон затворите, „Економија“ е уникат. Станува правен субјект со единствен сопственик, Влада на Република Македонија, а вработените буџетари. Ваквото решение, спротивно на волјата на работниците, практично го изнудува екс директорката на управата за извршување на санкции Лидија Гавриловска. Во телефонски разговор за 360, таа ни кажа дека тоа бил најдобриот модел, дека за сите напластени проблеми не е виновна таа, туку вработените. И наследникот на Гавриловска, Јовица Стојановиќ, се согласи само на телефонски разговор. Но, според него долговите кои ја уништуваат „Економија“, се вина на претходното раководство.

На сличен став дека вината никако не е кај вработените се и во синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани.

- Сите стопански единици не само во Идризово туку и во Македонија располагаат со голем имот и со доста орудија за работа. Исто беше и со стопанската единица во Идризово која за жал поради недомаќинско работење станала несолвентна и се довела во ситуација да не може да исплати плати што е основно право на вработените гарантирано со устав, закон и со колективен договор. Ваква ситуација да не сеземе плата 25 месеци е недозволива, нелогична и срам за државата и владата како единствен сопственик на овие стопански единици да покажат ваква негрижа за своите вработени.

Задоволително решение сега чекаат од новата власт.

- Бевме примени од заменик министерот за правда, кој има голема надлежност и моќ да ни помогне.

- Позитивниот исход е исплаќање на сите заостанати плати и решавање на проблемот со нивните работни места. Доколку нивното работно место односно таа стопанска единица каде што тие работат е несолвентна, има неколку начини тоа да се реши. Според законот за трговски друштва, може да се направи статусна промена на таа стопанска единица , односно да го преземе другата стопанска единица што е активна и што работи. Вработените би се преземале во таа стопанска единица и би земале редовно плата како што им следува.

Владата е единственото место од каде што последните шестмина од „Економија" чекаат решение. Кренале раце од сите други, вклучувајќи го и народниот правобранител. Во два наврати велат Иџет Мемети останал без слух за нивните проблеми. Но, кој во минатото работел на штета на „Економија", не е исклучено одговор да дадат судовите, бидејќи синдикатот секако ќе тужи зошто немало плати за вработените.

Чекајќи за разврската , работниците денот го минуваат под отворено небо. Извршителите запелениле речиси се што е употребливо. Поголема корист немаат ниту затворениците. Просторот што некогаш служел за ресоцијализација сега во најдобар случај се користи за преспивање.

- Со внимание го пратев генералниот секретар на владата, господинот Рашковски на топ тема и кажа дека во владата има 650 вработени кои не одат на работа а земаат плата. А ние вработените во нашата стопанска единица „Економија", која е под водство владата, одиме на работа а не земаме плата. 25 месеци во континуитет немаме земено личен доход. Немам ни здравствено осигурување, немаме ништо. Господ е сведок на мои драги пријатели, другари и фамилијата што ми помагаат.

И така 26 ти месец....